*Број: 02 - ___________*
*________ 2017 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од CCXX седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 3 март 2017 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор, Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што*

*условите за полноважно работење и одлучување се исполнети. Потоа го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог-референтни цени на лекови, Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија);*
2. *Разгледување на барање од специјалната болница Филип Втори од Скопје;*
3. *Разно.*

*Предлогот беше едногласно прифатен, со што за работата на CCXX -та седница Управниот одбор едногласно усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог-референтни цени на лекови, Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија);*
2. *Разгледување на барање од специјалната болница Филип Втори од Скопје;*
3. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

*ТОЧКА 1 -  Предлог за референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог-референтни цени на лекови, Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија)*

*Директорот Стефаноски наведе дека се работи за истиот предлог кој беше на дневниот ред на претходната седница. Тогаш Управниот одбор одлучи да се симне од дневниот ред и да се разгледува на следната седница за кога да биде подготвен*

*извештај за околноста кај колку од лековите опфатени со предлогот би дошло до зголемување а кај колку до намалување на цената а со тоа и на учеството на осигурените лица. Бидејќи извештајот е подготвен ид доставен на Управниот одбор сега предлогот повторно се дава на разгедување.*

*По воведот на директорот, се разви дискусија на членовите на Управниот одбор во врска со извештајот, по што Управниот одбор едногласно ги донесе предложените одлуки, и тоа*

***Одлука***
***за утврдување на предлог-референтни цени на лекови***

*и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 2 - Разгледување на барање од специјалната болница Филип Втори од Скопје*

*Во рамките на втората точка на дневниот ред Управниот одбор го разгледа барањето на специјалната болница Филип Втори од Скопје за зголемување на договорниот надоместок утврден со Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ - Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2017 година, како и мислењето на стручната служба на Фондот кое го изложија директорите Стефаноски и Рамадани. Болницата во барањето укажува на нејзиниот зголемен капацитет за давање на услуги и дека годишниот надоместок што го утврдува Фондот за неа неколку години наназад е на исто ниво.*

*По дискусијата на членовите на Управниот одбор што следуваше, беше одлучено специјалната болница да се извести за причините поради кои Фондот не може позитивно да одговори на барањето, односно на фактот што Фондот услугите од областа на кардиохирургијата за своите осигурници ги обезбедува и во други болници кои даваат услуги од таа област.*

*ТОЧКА 3 - Разно*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор го разгледа барањето на ПЗУ „Инсигма“ – Скопје кое беше на дневниот ред на минатата седница, но по дискусијата беше симнато поради потребата стручната служба на Фондот да изврши дополнителни проверки.*

*По разгледувањето на точката Разно, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 12.45 часот заврши со работата на CCXX -та седница.*

*Записничар,*
*Христо Трповски*

*Управен одбор*
*Претседател,*
*Ангел Митевски*

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*